СОЈУЗ НА СПОРТОВИ НА ВЕЛЕС

ОБЈАВУВА

# КОНКУРС

**За " ИЗБОР НА СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА 2025"**

Сојуз на спортови
Бр: 04-СЛ
01.12. 2025 год.
ВЕЛЕС

1. Сојуз на спортови Велес покренува постапка за избор на најуспешни: спортисти, тренери, спортски екипи, спортски работници, судии, манифестации и други спортски признанија на Општина Велес за 2025 година.

2. Наградите и признанијата за најуспешните спортисти, тренери, екипи и др. на Општина Велес, се доделуваат за постигнати резултати во индивидуалени и екипни спортови во тековната година, на спортистки, спортисти и тренери кои настапуваат за спортски клубови, чие седиште е во Велес.

3. Право на предлагање на кандидати за изборот на најуспешните, имаат спортските клубови како и други спортски здруженија чие седиште е во Општина Велес.

4. Предлозите треба да бидат во печатена форма со потпис и печат од одговорното лице на клубот односно спортското здружение.

5. Предлозите за избор на најуспешнте на Општина Велес за 2025 година, се рангираат во следниве категории:

- Најуспешни 10 спортисти во сениорска категорија мажи и жени (се рангираат со резултати постигнати во сениорска конкуренција)
- Најуспешни 10 спортисти во младинска категорија мажи и жени (се рангираат со резултати постигнати во јуниорска конкуренција)
- Најуспешни 10 млади спортски надежи (се рангираат спортисти и резултати за деца помлади од 14 додини)
- Најуспешен тренер во сениорска конкуренција
- Најуспешен тренер во младинска конкуренција
- Најуспешни 3 спортски екипи од Велес во сениорска конкуренција
- Најуспешна 3 спортски екипи од Велес во младинска конкуренција
- Најуспешни спортски манифестации организирани на територија на Општина Велес и под покровителство на Општина Велес за 2025 година
- Најуспешно осново и средно училиште од областа на спортот за 2025 година
- Најуспешен спортски педагог
- Најуспешен спортски судија од град Велес за 2025 година
- И други признанија за постигнати резултати во спортот во Велес за 2025 година

6. Критериуми за спортските остварувања се резултатите во олимписки и неолимписки спортови и дисциплини, во поединечни и екипни спортови, постигнати на олимписки, светски, европски првенства, официјални и неофицијални меѓународни натпревари како и домашни натпревари (Државни првенства, купови и лиги) организирани од Националните спортски федерации.

7. Предлозите за горенаведените спортски категории ги доставуваат спортските клубови и други спортски здруженија со седиште на подрачјето на Општина Велес, со уредна документација која што треба да содржи: категорија за која е предлогот, официјален документ за постигнатите спортски резултати објавени во билтени, веб-страници, или документи издадени од Национални спортски федерации.

Сојузот на спортови Велес го задржува правото да ја провери веродостојноста на резултатите во Националните спортски федерации.

8. Клубовите или спортските здруженија кои кандидираат повеќе спортисти во една категорија обавезно треба да ги рангираат своите предлози од најдобриот па надолу.

9. Клубовите или спортските здруженија кои имаат повеќе од еден предлог истите треба да ги достават во еден затворен плик.

10. Јавниот конкурс трае 10 дена сметано од денот на објавувањето, односно од 02.12.2025 до 12.12.2025 година.

**Важно:**

**Предлозите се доставуваат во затворен и запечатен плик, секој работен ден од 08:00 до 18:00 часот во просториите на СОУ Гимназија Кочо Рацин Велес на пријавница (кај обезбедувањето) со назнака за "Избор на спортист на годината 2025" на Велес.**

Дополнителни информации во врска со конкурсот, на телефон 077 520 353

УПРАВЕН ОДБОР НА СОЈУЗ НА

СПОРТОВИ ВЕЛЕС

Велес 01.12.2025 година

СОЈУЗ НА СПОРТОВИ ВЕЛЕС

Претседател:

Роберт Папазов